ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 40 став 2 од Статутот на ТТК Банка АД Скопје, Собранието на акционери на Банката, на седницата одржана на ден 4.7.2023 година, ја донесе следната:

# О Д Л У К А

## за разрешување и именување член на Одборот за наградување на членови на Надзорен одбор и на Одбор за ревизија на ТТК Банка АД Скопје

**Член 1**

Борислав Трповски се разрешува од член на Одборот за наградување на членови на Надзорен одбор и на Одбор за ревизија на ТТК Банка АД Скопје, заради престанок на функцијата член на Надзорниот одбор на Банката.

**Член 2**

Драгица Јовановска, член на Надзорниот одбор на Банката, се именува за член на Одборот за наградување на членови на Надзорен одбор и на Одбор за ревизија на ТТК Банка АД Скопје, со мандат до 15.4.2025 година, колку што трае мандатот на останатите членови на Одборот за наградување на членови на Надзорен одбор и на Одбор за ревизија, утврден со Одлука бр. 02-3072/8 од 15.4.2021 година, донесена од Собранието на акционери на Банката на седницата одржана на ден 15.4.2021 година.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**Собрание на акционери на**

**ТТК Банка АД Скопје**

**Претседавач,**

____________________

**О б р а з л о ж е н и е**

**кон Предлог - одлуката за разрешување и именување член на Одборот за наградување на членови на Надзорен одбор и на Одбор за ревизија на ТТК Банка АД Скопје**

Во согласност со член 40 став 2 од Статутот на ТТК Банка АД Скопје, Собранието на акционери на Банката може, за одделни прашања од делокругот на работење на Банката, да формира и работни тела на начин и според услови определени со закон, Статутот на Банката и други интерни акти на Банката.

Собранието на акционери Банката, со Одлука бр. 02-3072/8 од 15.4.2021 година, избра членови на Одборот за наградување на членови на Надзорен одбор и Одбор за ревизија, со мандат од 4 (четири) години.

На ден 14.2.2023 година членот на Одборот за наградување на Надзорен одбор и Одбор за ревизија г. Борислав Трповски достави известување дека дава оставка на функцијата член на Надзорниот одбор на ТТК Банка АД Скопје, којашто влезе во сила на ден 20.4.2023 година.

Со цел пополнување на составот на Одборот за наградување на членовите на Надзорен одбор и Одбор за ревизија се предлага Собранието на акционери на Банката да ја донесе предложената одлука.

**ТТК Банка АД Скопје**

**Надзорен одбор**